РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ

# НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

**Скопје, август 2010 година**

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Основен Закон во областа на трговската политика, со кој се уредуваат условите за вршење на трговија во земјата и странство е Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр.16/04, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009 и105/2009).

Република Македонија има обврска да обезбеди нејзиното законодавство на подрачјето за слободно движење на стоки да се усогласи со членовите 28-30 од Договорот за основање на Европската Заедница и начелото на взаемно признавање кое произлегува од судската пракса на Европскиот суд за правда. Ваквата обврска е наведена во Одлуката на Советот на ЕУ за начелата, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на Република Македонија.

Во насока на исполнување на обврските, Владата на Република Македонија во 2009 година, донесе Акциски план за сообразност со членовите 28-30 од Договорот за основање на Европската Заедница, во кој се наведени законските прописи кои содржат одредби спротивни на членовите 28-30 од Договорот за ЕЗ, и ги содржи роковите за нивно усогласување.

Исто така, во 2009 година донесен е и Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги 2006/123/ЕЗ. Во Акцискиот план се опфатени одредбите

од законите и подзаконските акти, како и системот за лиценцирање во услужните сектори кои се идентификувани како бариери за слободата на давање на услуги.

Акциските планови се  доставени на Европската комисија.

Слободното движење на стоките претствува камен темелник на единствениот пазар на Европската унија и според членовите 28 и 29 од Договорот за ЕЗ, квантитативните ограничувања на увозот и извозот и сите мерки со еквивалентен ефект, се забранети помеѓу државите членки.

Мерките со еквивалентен ефект се толкувани од Европскиот суд за правда како трговски правила и прописи што ги воведува една држава членка, кои би можеле директно или индиректно, реално или потенцијално, да ја попречат трговијата во рамките на Заедницата.

Измените и дополнувањата на Законот за трговија се предлагаат заради усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, односно со цел да се овозможи слободно движење на стоките и услугите во внатрешниот пазар на ЕУ, а со тоа и исполнување на условите за полноправно членство на Република Македонија во делот за слободно движење на стоки и услуги во внатрешниот пазар на ЕУ.
Правните прописи на Европската унија за прашањата кои се однесуваат на заштитните мерки во трговијата се состои од директно обврзувачко законодавство кое не бара транспонирање во националното законодавство на секоја држава членка. Заради ова, со измените на законот се предлагаат одредби кои ќе овозможат примена на законодавството на Европската унија од областа на заштитните инструменти во трговијата, по приемот на Република Македонија во ЕУ.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА  НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на предложениот закон е да се изврши усогласување со законодавството на Европската унија во областа на слободно движење на стоки и услуги, односно усогласување со членовите од 28 до 30 од Договорот за основање на Европската Заедница и начелото на взаемно признавање кое произлегува од судската пракса на Европскиот суд за правда, како и усогласување со Директивата за услуги 2006/123/ЕЗ, со што ќе се овозможи слободно движење на стоките меѓу Република Македонија и Европската унија и поедноставување на постапката за издавање на дозволи.

Со предложените измени на Законот се отстрануваат одредбите кои содржат мерки со еквивалентен ефект на квантитативни ограничувања во трговијата кои се спротивни на членовите 28 и 29 од Договорот за ЕЗ, со цел да се овозможи слободно движење на стоките меѓу Република Македонија и Европската унија. Исто така, со измените на законот се врши поедноставување на постапката за издавање на дозволи.

Со цел да се стават во рамноправна положба со другите трговци, се врши измена на законот, во насока на овозможување на продажбата на алкохолни пијалоци во продавници кои се лоцирани на пазарите и ги исполнуваат критериумите за продажба на алкохолни пијалаци.

Исто така, целта на предложените измени е да се овозможи примена на законодавството на Европската унија од областа на заштитните инструменти во трговијата, по приемот на Република Македонија во ЕУ.

Овој закон се заснова на истите начела врз кои се заснова законот чие изменување се предлага.

Предвидените решенија од предлогот на законот се во насока на:

1. Усогласување со членовите 28-30 од Договорот за основање на Европската Заедница и усогласување со Директивата за услуги 2006/123/ЕЗ;
2. Овозможување на продажбата на алкохолни пијалоци во продавници кои се лоцирани на пазарите;
3. Примена на законодавството на ЕУ во областа која ги регулира заштитните инструменти во трговијата, со престанување на важноста на членовите опфатени во Глава V Заштитни мерки и прописите донесени врз основа на нив, по приемот на Република Македонија во ЕУ.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на предложениот закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија и други јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## I. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Со предложените измени и дополнувања на Законот за трговија се врши усогласување со членовите од 28 до 30 од Договорот за основање на Европската Заедница и начелото на взаемно признавање кое произлегува од судската пракса на Европскиот суд за правда и со Директивата за услуги 2006/123/ЕЗ.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

### Член 1

Во Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр.16/04, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009 и 105/2009), во членот 23-а, по ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

"Лиценцата по истекот на рокот за кој е издадена може да се обнови доколку трговецот на мало кој врши промет на алкохолни пијалаци ги исполнува условите пропишани со овој закон. За обновување на лиценцата не се плаќа надоместок од став 3 на овој член. "

Ставот 7 станува став 8.

### Член 2

Во членот 24-а, по зборовите бензиските станици, запирката и зборовите: "во продавниците во состав на зелените пазари" се бришат.

### Член 3

Членот 32 се менува и гласи:

"Трговецот е должен при увозот на стоки на надлежните инспекциски органи, пред постапката за царинење да им достави доказ дека се исполнети пропишаните услови за квалитетот на стоките и физичко-хемиските и органолептичките својства, бактериолошки својства, количеството, пакувањето, како и условите за превоз на стоката во однос на превозното средство и начинот на транспортирањето, согласно со закон. "

### Член 4

Во членот 34, став 1 алинеа 1 се менува и гласи:

"- заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата; "

Алинеите 3, 5, 6 и 7 се бришат.

Алинеата 4 станува алинеа 3, а алинеите 8, 9 и 10 стануваат алинеи 4, 5 и 6.

**Член 5**

Следните прописи донесени врз основа на Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр. 16/04, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009 и105/2009) остануваат во сила до денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија:

- Одлука за постапката и начинот на утврдување на заштитни мерки при зголемен увоз ("Службен весник на РМ" бр. 28/2005);
- Одлука за постапката и начинот на утврдување на компензациона давачка ("Службен весник на РМ" бр. 28/2005);
- Одлука за постапката и утврдување на антидампинг давачка ("Службен весник на РМ" бр. 109/2007);
- Упатство за постапката за работа на Комисијата за заштитни мерки при зголемен и субвенциониран увоз ("Службен весник на РМ" бр. 51/2004);

**Член 6**

Одредбите од членот 1 на овој закон, ќе се применуваат со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

**Член 7**

Со денот на приемот на Република Македонија во Европската унија, престануваат да важат одредбите на членовите 32 и 33, членовите од 35 до 47 на овој Закон, а одредбите на членовите 29 и 30 на овој Закон престануваат да важат за државите членки на Европската унија.

**Член 8**

Овој Закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

### I. СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

*Членовите од 28 до 30 од Договорот за Европската Заедница* се применуваат на нехармонизираните области и со нив се забрануваат квантитативни ограничувања на увозот и извозот на стоки помеѓу државите членки на ЕУ, како и мерки со еквивалентен ефект на квантитативни ограничувања, но не исклучуваат забрани и ограничувања на увозот, извозот и превоз на стока, ако се тие оправдани поради заштита на јавниот морал, јавниот интерес или јавната безбедност, заштита на здравјето или животот на луѓето, животните или растенијата, заштита на националните добра од уметнички, културни или археолошки вредности.

Имајќи во предвид наведеното, се предлагаат измени и дополнувања на Законот за трговија, со цел да се отстранат одредбите кои содржат мерки со еквивалентен ефект на квантитативни ограничувања во трговијата и

овозможи слободно движење на стоките меѓу Република Македонија и Европската унија и да се поедностави постапката за издавање на дозволи.

*Усогласувањето со Директивата на ЕУ* за услуги треба да овозможи Република Македонија по пристапувањето во ЕУ, како дел од внатрешниот пазар на ЕУ да обезбеди непречено движење на услугите. За таа цел од страна на надлежните институции во текот на 2009 година се спроведе анализа на законите и подзаконските акти, како и ситемот за лиценцирање во сите услужни сектори. Анализата овозможи идентификација на одредбите во законите и подзаконските акти, кои согласно Директивата за услуги преставуваат пречка за правото на основање и слободата на давање на услуги од страна на физички и правни лица од ЕУ во Република Македонија.

Врз основа на резултатите од анализата, Владата на Република Македонија во септември 2009 година, го усвои Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги 2006/123/ЕЗ. Во Акцискиот план се опфатени одредбите од законите и подзаконските акти, како и системот за лиценцирање во услужните сектори кои се идентификувани како бариери за слободата на давање на услуги. Една од обврските е усогласувањето со членовите 9–13 од Директивата кои се однесуваат на процедурите за издавање на дозволи (лиценци) и за нивната оправданост.

Со предложената измена ***во членот 1,*** се врши дополнување на членот 23-а од Законот, во делот на процедурата за издавање на лиценца за продажба на мало на алкохолни пијалаци, при што се овозможува усогласување со Директивата за услуги, според која издадените дозволи не треба да се ограничуваат временски, освен кога тоа може да се оправда со исклучително важна причина, поврзана со јавниот интерес.

Имајќи ја во предвид обврската за заштита на јавното здравје, со новиот став се задржува временското ограничување на важноста на лиценцата, со можност таа да се обнови. На овој начин, овој член се усогласува со Директивата за услуги и истовремено се овозможува почитување на обврските од јавен интерес, како што е заштитата на јавното здравје.

***Со членот 2*** се врши измена во членот 24-а, при што се бришат зборовите “во продавниците во состав на зелените пазари”. Ваквите измени значат дека забраната за продажба на алкохолни пијалоци нема да се однесува на продавниците во состав на зелените пазари, со што ќе се овозможи рамноправност на субјектите на пазарот.

***Со членот 3*** се предлагаат измени во членот 32 заради подобрување на постоечкиот текст, со цел да се избегне повторувањето на зборовите “се исполнети пропишаните услови за квалитетот на стоките” во двете алинеи на овој член.

***Член 4*** предвидува, дополнување на членот 34, алинеа 1, при што текстот се усогласува терминолошки со членот 30 од Договорот за ЕЗ, односно текстот се дополнува освен со заштита на животот и здравјето на луѓето, и со заштита на животот и здравјето на животните и растенијата.

Алинеите 3, 5, 6 и 7 се бришат, бидејќи во овие алинеи се содржани одредби кои преставуваат мерка со еквивалентен ефект на квантитативно ограничување на увозот и извозот, односно пропишано е увозот и извозот на определени стоки да може да се врши врз основа на дозвола, што не е во согласност со членот 30 од Договорот за ЕЗ. Исто така, ваквите одредби се во спротивност со членовите XX и XXI од ГАТТ 1994, заради што се предлага истите да се бришат.

Имено, членот 30 од Договорот за ЕЗ дозволува отстапување од забраните предвидени со членовите 28 и 29 кои се оправдани поради заштита на јавниот морал, јавниот интерес или јавната безбедност, заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, заштита на националните добра, културни или археолошки вредности.

Заради ова, се бришат алинеите кои предвидуваат дозволи при увоз и извоз на: (1) стоките за потребите на ветеринарната служба, (2) стоките кои треба да ги исполнуваат пропишаните метролошки и други услови и (3) стоките за чиј извоз или увоз е потребна дозвола од Народната банка на Република Македонија (оваа алинеја е содржана во претпоследнта алинеа на овој член каде е наведено “извозот и увозот на одделни благородни метали, банкноти и друго”).

Имајки го во предвид наведеното, останатите одредби од членот 34 (освен алинеите 3, 5, 6 и 7 кои се бришат) остануваат да се применуваат и по приемот на Република Македонија во ЕУ, бидејќи се во согласнот со членот 30 од Договорот за ЕЗ.

***Во членот 5*** се наведени прописите кои се донесени врз основа на Законот за трговија и кои ќе останат во сила до денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија. Правните прописи на Европската унија за прашањата кои се опфтени во наведените одлуки, се состои од директно

обврзувачко законодавство кое не бара транспонирање во националното законодавство на секоја држава членка.

Имено, во Европската унија се донесени Регулативи на Советот со кои се регулираат прашањата за воведување на заштитни, компензациони и антидампинг мерки, кои се однесуваат на сите држави членки на ЕУ. Република Македонија и покрај тоа што сега ги има усогласено овие прописи со законодавството на ЕУ, по пристапувањето во ЕУ, директно ќе се применуваат Регулативите на ЕУ, заради што произлегува потребата да се донесат одредби со кои Одлуките ќе се применуваат до денот на пристапување во ЕУ.

***Со членот 6*** се определува дека одредбите од членот 1 на овој закон, ќе се применуваат со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

***Со членот 7***, предвидено е членот 32 и 33 да престанат со важност по приемот на Република Македонија во ЕУ, бидејки се во спротивност со членот 28 од Договорот за ЕЗ, со кој се забранува примена на квантитативни ограничувања или мерки со еквивалентен ефект на квантитативни ограничувања при увозот меѓу државите членки на ЕУ.

Во членот 32 се бара задолжително исполнување на пропишани услови за квалитетот на стоките при увоз, што подразбира обавезна примена на стандарди, заради што претставува мерка со еквивалентен ефект на квантитативно ограничување при увозот.

Во одредбите на членот 33 од Законот е пропишано обавезно приложување на докази за исполнување на посебни услови при увозот, што претставува мерка со еквивалентен ефект на квантитативно ограничување при увозот. Заради ова, овој член престанува со важност по приемот на Република Македонија во ЕУ.

Членовите од 35 до 47 на Законот за трговија опфатени во Поглавје V. Заштитни мерки, содржат одредби за заштита на домашното производство од зголемен увоз, субвенциониран и дампинг увоз. Во наведените членови се предвидени заштитни механизми во форма на зголемени царини, компензациони и анти дампинг давачки за заштита на домашното производство од увоз. Овие одредби ќе престанат да важат по приемот во ЕУ, заради тоа што директно ќе се применува законодавството на ЕУ - Регулативите на Советот 3285/94; 2026/97; и 384/96.

Членовите 29 и 30 на овој Закон, содржат одредби за ограничувања и забрани во трговијата и во нив се предвидени случаите кога Владата може привремено да го ограничи вршењето на трговијата и мерките кои може да ги пропише Владата за ограничување и забрана. Бидејќи овие мерки имаат еквивалентен ефект на квантитативно ограничување на увозот и извозот, ќе престанат да важат за државите членки на Европската унија.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби од измените и дополнувањата на законот се меѓусебно поврзани во одделни взаемни решенија во самиот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со измените и дополнувањата во законот чие донесување се предлага ќе се овозможи усогласување со европското законодавство во областа на слободно движење на стоки и услуги во внатрешниот пазар на Европската унија.

Со проширување на правото за продажба на алкохолни пијалаци ќе се обезбеди рамноправна положба на правните лица.

Со предложените измени се врши отстранување на бариерите што ќе придонесе за зголемување на трговијата.

## IV. ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Член 23-а**

Трговецот на мало кој врши продажба на алкохолни пијалаци, за продажбата на алкохолни пијалаци е должен да поседува лиценца (во натамошниот текст: лиценца).

Лиценцата важи за период од две години.

За добивање на лиценцата трговецот е должен да плати надоместок во износ од 20.000 денари на сметка на Републичкиот буџет.

Продажбата на алкохолни пијалаци трговецот од ставот 1 на овој член ја врши во посебен продажен објект за продажба на алкохолни пијалаци.

По исклучок од ствот 4 на овој член продажбата на алкохолни пијалаци трговецот на мало може да ја врши и во посебно издвоен дел во просторија од продажниот објект кој е соодветно обезбеден.

Лиценцата е непреносива.

Трговецот на мало е должен да ја истакне лиценцата на видно место во продажниот објект.

**Член 24-а**

Се забранува продажбата на алкохолни пијалаци во продавниците во состав на бензиските станици, во продавниците во состав на зелените пазари и преку киосците во трговијата.

Се забранува продажбата на алкохолни пијалаци од 19,00 до 06,00 часот наредниот ден.

Во периодот од 1 мај до 30 септември забраната за продажба на алкохолни пијалаци е од 21,00 до 6,00 часот наредниот ден.

**Член 32**

Трговецот е должен при увозот на стоки на надлежните инспекциски органи пред постапката за царинење да им достави доказ дека:

- се исполнети пропишаните услови за квалитетот на стоките и
- стоките ги исполнуваат пропишаните услови за квалитетот на производите во однос на физичко-хемиските и органолептички својства, количеството, пакувањето, како и условите за превоз на стоката во однос на превозното средство и начинот на транспортирањето, согласно со закон.

**Член 34**

Извозот и увозот на одделни стоки може да се врши врз основа на дозвола, и тоа за:

- заштита на здравјето и животот на луѓето;
- заштита на јавниот морал;
- заштита на растенијата, животните, семенскиот материјал, како и други земјоделски производи;
- заштита на животната средина и просторното планирање;
- стоките кои се извезуваат и увезуваат за потребите на ветеринарната служба;
- стоките кои треба да ги исполнуваат пропишаните метролошки и други услови;
- стоките за чиј извоз или увоз е потребна дозвола од Народната банка на Македонија;
- извозот и увозот на историски и уметнички дела;

- извозот и увозот на одделни благородни метали, банкноти и друго и
- средствата за вооружување и воена опрема наменети за потребите на обезбедувањето на јавната безбедност и одбраната и други стоки.

Стоките кои се извезуваат и увезуваат врз основа на дозвола издадена од надлежен орган ќе ги оредели Владата на предлог на Министерството за економија.

Дозволата за извоз и увоз на средствата за вооружување и воена опрема ја издава Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи.